Република Северна Македонија

**Инспекциски совет**

Арх. број: 03-622/4

Датум: 28. 06. 2023

**До**

**Предмет: Одговор на Барање за пристап до информации од јавен карактер и Дополнување на Барање за пристап до информации од јавен карактер**

**Врска (Ваш број):**

Почитуван г-дин ,

Ве известуваме дека со внимание го разгледавме Вашето Барање за пристап до информации од јавен карактер и Дополнувањето на Барање за пристап до информации од јавен карактер и истите се прифатени со Решение за прифаќање на барање за слободен пристап до информации од јавен карактер, наш бр. 03-622/3 од 28.06.2023 година, чиј прилог е и овој Одговор.

Имено, Вие во Барањето за слободен пристап на информации бр. 03-622/1 од 13.06.2023 година барате да Ви се достави во форма на електронски запис на посочената е-адреса (pbkbezbednost@gmail.com) и по пошта, препис од следната информација:

„1. Записник од 311-та седница на Инспекцискиот совет на РСМ одржана 08.06.2023 година.

2. Покана за одржување на 211-та седница на Инспекцискиот совет на РСМ одржана на 08.06.2023 година.

3. Решение со кое имателот на информацијата го одбил или отфрлил моето барање.

Во одговор на претставка од Инспекцискиот совет на РСМ УПП 16-135-2023 од 01.06.2023 година, констатирате дека постои решение со кое имателот на информацијата го одбил или отфрлил моето барање.„

Во Дополнувањето на Барањето за слободен пристап на информации бр. 03-622/2 од 27.06.2023 барате да ви се достави во форма на електронски запис на посочената е-адреса ) и на УСБ, препис од следната информација:

"Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната инфромација од јавен карактер:

Инспекциски совет

Ул. „Даме Груев" бр. 3, блок 2, локал 5
1000 Скопје
Република Северна Македонија

Тел: (02) 3103-030
Е-пошта: contact@is.gov.mk
Веб страна: www.is.gov.mk

Во врска точка 1-та (еден) од барање за слободен пристап до информации од јавен карактер поднесено на 13.06.2023 година барам да ми се достави информацијата од јавен карактер точката од **ЗАПИСНИК** од 311-та седница на Инспекцискиот совет на РСМ одржана на 08.06.2023 година од предметот во врска **со одговор на претставка од Инспекциски совет на РСМ со арх.бр. УПП 16-91/2023 од 08.06.2023 година**.

Во врска со 3-та (третата) точка од барање за слободен пристап до информации од јавен карактер поднесено на 13.06.2023 година, ви појаснувам дека **одговор на претставка од Инспекцискиот совет на РСМ со арх.бр. УПП 16-135-2023 од 01.06.2023 година, без никакво образложение и за предмет кој не е поврзан со барање за слободен пристап за инфромација од јавен карактер туку се работи за претставк.иницијатива од крајно несовесни и непрофасионални постапувања во одговопрт на одговор на претставка од Инспекциски совет на РСМ со арх.бр. УПП 16-135-2023 година не упатуваат на прашања поврзани со** Законот за слободен пристап на информации од јавен карактер **и на непостоечко** Решение со кое имателот на информацијата го одбил или отфрлил моето барање.

Се промовира една тотална конфузија се со цел да не се постапува по поднесот доставен до Инспекцискиот совет.

Токму од тие причини ја побаравме информации од јавен карактер - Решение со кое имателот на информацијата го одбил или отфрлил моето барање констатирано во одговор на претставка од Инспекцискиот совет на РСМ УПП 16-135-2023 од 01.06.2023 година, констатирате дека постои решение со кое имателот на информацијата го одбил или отфрлил моето барање.

Согласно **ОДЛУКА** за утврдување на височината на надоместостокот за материјалните трошоци за дадената информација од имателите на информации бр.40-11666/1-21 од 8 февруари 2022 година (Сл. Весник на РСМ бр.31 од 11 февруари 2022) бараните информации од јавен карактер барам да ми ги доставите во вид на електронски запис на УСБ во моја сопственот и на е-маил адреса: pbkbezbednost@gmail.com."

Со оглед на побараното од Ваша страна, во прилог Ви доставуваме и воедно Ве известуваме:

- Заверена копија – верна на оригиналот, од дел од Записникот од 311-та редовна седница на Инспекцискиот совет. Приложената заверена копија се однесува на содржината на расправата и усвоениот заклучок по точка 10 од утврдениот дневен ред за истата седница, којашто е предмет на Ваш интерес, а којашто гласи: „Информација за постапување по претставка УПП 16-91 од 20.03.2023 година и други поврзани претставки – Област 6 - Управа";

- Заверена копија – верна на оригиналот, од Покана за одржување на 311-та седница на Инспекцискиот совет одржана на 08.06.2023 година;

- Во однос на третата точка од Барањето, односно Дополнување на Барањето, како што веќе имаме наведено во Одговорот на претставката УПП 16-135/2023 од 01.06.2023

година, Инспекцискиот совет не констатира, туку Ве известува дека согласно член 27 од Законот за слободен пристап на информации од јавен карактер („Службен Весник на РСМ“) против решение со кое имателот на информацијата го одбил или отфрлил Вашето барање, Вие како барател имате право на жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на решението до Агенцијата за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер. Исто така, во Одговорот ве известуваме дека Инспекцискиот совет нема да постапува по доставената Претставка од Ваша страна, со оглед на фактот дека надлежен орган за постапување по предметната претставка претставува Агенцијата за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер.

Со оглед на тоа што во Дополнувањето на Барањето за слободен пристап на информации бр. 03-622/2 од 27.06.2023 барате информациите да ви се достават во форма на електронски запис на УСБ во Ваша сопственост, Ве повикуваме во просториите на Инспекцискиот совет за ги добиете бараните информации на Вашиот УСБ медиум.

Инспекцискиот совет и понатаму Ви стои на располагање за сите останати информации од јавен карактер со коишто располага и коишто ги создал во текот на своето работење.

Искрено,

м-р Сашо Мержаноски,
Генерален секретар на Инспекциски совет

Подготвил: Андријана Алексова, помлад соработник

Проверил: Маја Срезоска, раководител на Сектор

Доставено до:

- барателот
- архива